ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 02-409/1
24.12.2021 год.
ШТИП

Врз основа на член 8 став 1, став 2 и став 3 од Одлуката за основање на Центар за развој на Источен плански регион (од 2008 година и од 2021 година), член 2 став 1 алинеа 13 од Деловникот за работа на Советот за развој на Источниот плански регион бр.02-206/1 од 29.06.2021 година и член 29 став 2 и став 3 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/21 и 174/21), на предлог на Директорот на Центарот за развој на Источен плански регион, Советот за развој на Источен плански регион, на II - та Седница, одржана на ден 24.12.2021 година во општина Штип, ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Одлуката за внатрешна организација на Центар за развој на Источен плански регион

**Член 1**

Со оваа Одлука се вршат измени и дополнувања ((усогласување со Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/21 и 174/21)) на Одлуката за внатрешна организација на Центар за развој на Источен плански регион бр.02-227/1 од 25.06.2020 година.

**Член 2**

Во насловот на Одлуката за внатрешна организација на Центар за развој на Источен плански регион, по зборовите „организација на" се додаваат зборовите „стручната служба на".

**Член 3**

Член 1 се менува и гласи:

„Со оваа Одлука се утврдува внатрешната организација на стручната служба на Центар за развој на Источен плански регион (во натамошниот текст: стручната служба на Центарот), видот и бројот на организационите единици, делокругот на работа на организационите единици, начини и форми на раководење, како и графички приказ (органограм) на организацијата на стручната служба на Центарот.

**Член 4**

Во член 2 по зборовите „ Вработените во" се додаваат зборовите „стручната служба на", а зборовите „стручни работи за" се заменуваат со зборовите „стручни и административно – технички работи за потребите на".

**Член 5**

Во член 3 по зборовите „Вработените во" се додаваат зборовите „стручната служба на".

**Член 6**

Во член 4 по зборовите „Вработените во" се додаваат зборовите „стручната служба на".

**Член 7**

Во член 5 став 1 по зборовите „вработените во" се додаваат зборовите „стручната служба на".

**Член 8**

Во член 6 став 1 зборовите „Работните места во Центарот се организираат во следниве одделенија“ се заменуваат со зборовите „Стручната служба на Центарот се организира во следниве одделенија“.

**Член 9**

Во член 8 став 1 пред последната алинеа се додава нова алинеа која гласи:
„- Врши помошно – технички работи;“.

**Член 10**

Во член 10 став 1 по зборовите „вработените во“ се додаваат зборовите „стручната служба на“.

Во член 10 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Директорот на Центарот го избира Советот за развој на планскиот регион, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на членови со право на глас, со мандат од четири години, со право на повторен избор.“

**Член 11**

Членот 12 се менува и гласи:

„Вкупниот број на вработени во стручната служба на Центарот и распоредот по звања и работни места го утврдува Директорот на Центарот со Правилник за систематизација на работни места во стручната служба на Центарот, а Советот за развој на Источен плански регион го определува бројот на вработени службеници во Центарот по пат на давање на претходно позитивно мислење по Правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на Центарот, кој го донесува Директорот на Центарот и со Согласност за вработување / Известување за обезбедени финансиски средства.“

**Член 12**

Членот 13 се менува и гласи:

„Правата, обврските и одговорностите на вработените во стручната служба на Центарот се уредуваат во согласност со Законот за работни односи и истите немаат статус на административни службеници.“

**Член 13**

Во целиот текст на Одлуката за внатрешна организација на Центар за развој на Источен плански регион бр.02-227/1 од 25.06.2020 година, како и во Органограмот на организацијата на Центар за развој на Источен планси регион, зборовите „раководителот на Центарот“ се заменуваат со зборовите „директорот на Центарот“, а зборовите „раководител на Центарот“ се заменуваат со зборовите „директор на Центарот“.

**Член 14**

Во насловот на Органограмот на организацијата на Центар за развој на Источен плански регион, пред зборот „Центар„ се додаваат зборовите „стручната служба на“.

**Член 15**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Број 02-409/1
24.12.2021 година

Совет за развој на Источен плански регион
Претседател,
Иван Јорданов